Врз основа на член 39 став 7 од Законот за заштита на растенијата “Службен весник на Република Македонија” бр 25/98 и 6/2000, министерот за земјоделство,шумарство и водостопанство донесува:

## 2.5.ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛИ ЗА ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈА

### Член 1

Во Правилникот за начинот на издавање на дозволи за пуштање во промет на средства за заштита на растенијата (“Службен весник на Република Македонија” бр. 65/2001), во членот 2 по став 5 се додава нов став 6 кој гласи: “Овластеното правно лице по приемот на пријавата за биолошки испитувања на средствата за заштита на растенијата или најкасно по поставувањето односно одредувањето на опитот треба да го извести Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство- Управата за заштита на растенија за местото на опитот на испитувањата.”

### Член 2

Во член 8 по точка 1 се додава нова точка 2 која гласи:
“ 2. во текот на еден вегетационен период на два локалитети или две правни лица по еден локалитет ако се однесува за средства за заштита на растенијата од нова активна материја, комбинацијата на нови активни материи и комбинација на нова и употребувана активна материја, но истите да се регистрирани во земја членка на Европската унија или ако се регистрирани и се воупотреба во најмалку три земји. “

Во точка 2 која станува точка 3 алинеја 3 се брише.

Во став 3 алинеја 3 се брише.

### Член 3

За средствата за заштита на растенијата кои се ставени во испитување или се во постапка, а на се издадени решенијата, постапката ќе се заврши по овој правилник.

### Член 4

Овоој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во
“ Службен весник на Република Македонија “.